Мојот прв разговор со ChatGPT

Практичен водич на македонски
за целосни почетници

Помогни ми да составам
покана за семеен ручек
во недела.

ПОГЛАВЈЕ 1

Да го отвориме ChatGPT

Замисли дека сакаш да го поканиш семејството на неделен ручек. Знаеш кога и каде ќе биде ручекот, ама се мислиш како да ја почнеш пораката. Тука може да ти помогне ChatGPT.

ChatGPT е алатка со вештачка интелигенција со која можеш да разговараш пишувајќи на македонски. Му кажуваш што сакаш да направиш, а тој ти предлага текст. Го читаш предлогот и, ако нешто не ти звучи природно, можеш да побараш да го смени.

Отвори го на телефон или на компјутер

1. Отвори го прелистувачот што обично го користиш, на пример Chrome или Safari. Во полето за адреса напиши chatgpt.com.
2. Ако страницата побара да се најавиш, избери **Log in** („Најави се“) ако веќе имаш сметка или **Sign up** („Регистрирај се“) за да отвориш нова.
3. Пронајди го полето за порака. Допрѝ го на телефонот или кликни во него на компјутерот. Тука ќе ја напишеш првата порака.

ПОГЛАВЈЕ 2

Мојата прва порака

Во полето за порака напиши ја оваа реченица. Ако ја читаш книгата на истиот уред, можеш и да ја копираш.

ТИ

Помогни ми да составам покана за семеен ручек во недела.

Притисни го копчето за испраќање до полето за порака. Одговорот ќе се појави во разговорот.

Со една реченица веќе му кажа на ChatGPT три работи — што да напише, кому му е наменето и за кој ден станува збор.

ПОГЛАВЈЕ 2

Прочитај ја поканата како да е за тебе

МОЖЕН ОДГОВОР ОД CHATGPT

Драги мои, ве канам во недела на семеен ручек кај мене. Ќе ми биде мило да се собереме сите на маса и да си помуабетиме. Пишете ми кој ќе дојде!

Твојата верзија може да гласи поинаку. Прочитај ја на глас. Дали дома навистина велиш „Драги мои“? Дали поканетите ќе знаат во колку часот да дојдат?

Забележи го и „кај мене“. Во пораката го спомна денот, а местото го додаде ChatGPT. Ако ручекот е кај твоите родители, тој детаљ треба да се смени. Ти ги знаеш луѓето и договорот.

ПОГЛАВЈЕ 3

Како да добијам одговор по моја мерка?

Да речеме дека овојпат ручекот е кај тебе, во 14 часот, а поканата ќе ја испратиш во семејната група на Viber. Продолжи во истиот разговор. Под првиот одговор напиши што сакаш да се смени.

ТИ

Направи ја поканата пократка и потопла, како порака за Viber. Ручекот е кај мене во 14 часот.

МОЖЕН ОДГОВОР ОД CHATGPT

Ајде во недела кај мене на ручек, во 14 часот. Баш ќе ми биде мило да се собереме! ♥

Зборот „поканата“ е доволен — во истиот разговор ChatGPT може да се надоврзе на текстот што веќе го напиша.

ПОГЛАВЈЕ 3

Дотерај ја последната реченица

Можеби поканата веќе ти се допаѓа, само сакаш да знаеш за колку луѓе да зготвиш. Побарај една мала измена.

ТИ

На крај прашај кој ќе дојде, за да знам за колкумина да готвам. Изостави го срцето.

МОЖЕН ОДГОВОР ОД CHATGPT

Ајде во недела кај мене на ручек, во 14 часот. Пишете ми кој ќе дојде, да знам за колкумина да готвам!

Провери ги местото, денот и часот. Ако повеќе ти лежи „Повелете“ отколку „Ајде“, можеш и сам да го смениш зборот. Копирај ја поканата во Viber, прочитај ја уште еднаш и испрати ја кога ќе бидеш задоволен од неа.

ПОГЛАВЈЕ 4

Сега пробај сам

Избери една од трите вежби на следните страници. За новата задача отвори нов разговор, а потоа постави барем едно дополнително прашање во него.

Вежба 1 · Напиши кратка порака

Треба да поместиш договорена средба. Што треба да знае човекот што ќе ја добие пораката?

ПОЧНИ СО ОВА

Помогни ми да му напишам на еден пријател дека денес ќе доцнам 15 минути на кафе.

Потоа додај нешто свое. Можеби сакаш пријателот слободно да нарача додека те чека. Побарај тоа да се додаде во една реченица.

Прочитај ја пораката. Ако ChatGPT предложил причина за доцнењето, задржи ја само ако е точна.

Моја забелешка

Направи мал план

Имаш половина час пред да дојдат гости. Од каде да почнеш?

ПОЧНИ СО ОВА

Имам 30 минути да ја средам дневната соба пред да ми дојдат гости. Предложи ми три задачи и напиши колку минути да одвојам за секоја.

Приспособи го планот. Погледни низ собата. Ако масата е веќе средена, кажи го тоа. Ако на фотељата има куп алишта, спомни го. Побарај нов распоред според она што го гледаш.

Собери ги минутите од предлогот. Дали задачите собираат во твоите 30 минути? Која би ја скратил за да ти остане време и за кафе?

Моја забелешка

Побарај едноставно објаснување

Слушаш некој збор и сакаш да разбереш што значи. Можеш да кажеш и каков пример би ти помогнал.

ПОЧНИ СО ОВА

Што е резервна копија? Објасни ми во две реченици, со пример со фотографиите од мојот телефон.

Провери дали разбра. Прашај: „Ако го изгубам телефонот, каде би ги нашол фотографиите?“ Потоа обиди се со свои зборови да објасниш зошто е важно каде се чува копијата.

ChatGPT може да згреши. Во овој пример има нешто што можеш да го провериш на својот телефон. Отвори ги поставките на апликацијата во која ги чуваш фотографиите и погледни дали е вклучена опцијата за резервна копија и кога е направена последната.

Моја забелешка

ПОТСЕТНИК

За твојот следен разговор

Кога ќе се прашаш „Што да напишам?“, сети се на поканата за ручек и на овие три прашања.

Што сакам да добијам?

„Помогни ми да составам покана.“

Кој детаљ ќе помогне?

„Ќе ја испратам во семејната група на Viber. Ручекот е во недела во 14 часот.“

Што сакам да се смени?

„Скрати ја и на крај прашај кој ќе дојде.“

Пробај со нешто свое

Која задача би сакал да ја олесниш уште денес? Запиши ја првата реченица со која би го започнал разговорот.

Мојата прва реченица